РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

упп Бр. 03-3

Скопје 11.05.2023г.

За:

**Предмет: Известување за пристигната Претставка**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. 03-3 од 09.05.2023 година) во врска со прилог емитуван во Дневникот на ТВ Сител на 05.05.2023 во 16 часот.

Подносителот на претставката наведува дека новинарот известувајќи за повеќекратното убиство во Младеновац, Република Србија „*објаснуваше како се одвивало неколкукратното убиство, директно објаснувајќи на сите гледачи што се случувало во детали, без никакво покажување на жал кон починатите*" како и дека „*веста не се содржеше од факти туку од негова интерпретација врз основа на снимени во директен пренос флеки од крв кои не беа покриени*". Подносителот, понатаму додава дека „*вестите треба да содржат информации, а не слики од крв па колку и да бидеме претходно предупредени, не мораше да се инсистира толку многу дури и камерманот да се влече со сила да сними дамки од крв*".

Преку увид во посочениот дел од програмата на ТВ Сител, беше утврдено дека прилогот со наслов „8 Мртви и 13 повредени во второ масовно убиство во Србија", според класификацијата на новинарските жанрови претставува информативна репортажа. Во тие рамки, случајот со повеќекратното убиство во Младеновац, Република Србија, беше обработен од местото на настанот, со прикажување на фактичката состојба во моментот на известување и разговор со локалното население. Проследени беа и информации за случајот и снимки од апсењето на сторителот добиени од Министерството за внатрешни работи од Србија. Воедно, случајот хронолошки беше поврзан со деветкратното убиство во училиштето „Владислав Рибникар" во Белград, кое се случи на 3 мај 2023 година, а во контекст на двата случаи беа пуштени и изјави од претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ. Емитуваниот прилог, во себе содржеше и прикажување на членови од семејството на една од жртвите, во крупен план во момент на тагување.

Начинот на новинарска обработка на темата зависи од независната уредничка политика на секој медиум, а согласно Правилникот за заштита на малолетните лица „*кога вестите и информативните програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што можат штетно да влијаат врз малолетните лица, оправданоста на нивното прикажување мора да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите од таквиот материјал*" (член 23).

Исто така, потсетуваме дека според член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги радиодифузерите треба да го почитуваат начелото за

*„негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста*" (алинеја 1), како и за *„заштита на идентитетот на жртвите на насилство*" (алинеја 4). Во случајот на конкретниот прилог, треба да се има предвид дека членовите на семејството на жртвите од насилство, и самите можат да се сметаат за жртви од чинот на насилство, поради што, особено во моментите на тагување, треба да се внимава на нивното достоинство како и на заштита на нивната приватност.

Дополнително, со оглед на тоа дека посочениот прилог беше емитуван во Дневникот во 16 часот, односно во временски периоди од програмската шема кога се очекува дека малолетниците ја следат програмата, ве потсетуваме дека во Правилникот за заштита на малолетните лица (достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf), меѓу другото, се вели дека содржините кои можат да ги вознемират малолетниците мора да се емитуваат *„во временски периоди од програмската шема кога се очекува дека малолетниците не ја следат програмата*"(член 23). Исто така, доколку во вестите се известува за малолетни лица кои се сторители, сведоци или жртви на кривични дела, радиодифузерите треба да бидат особено внимателни да не објавуваат описи, детали, слики или какви било информации кои што можат на директен или индиректен начин да укажат на нивниот идентитет (член 25).

Прилогот, на почетокот беше најавен со предупредувачки коментар од страна на новинарот дека содржините можат да ја вознемират публиката, со што беше запазено она што е пропишано во членот 24 став 1 од Правилникот, меѓутоа неговото емитување не беше проследено *"со новинарски и/или со стручен коментар кој ќе овозможи објективност на информативната перспектива*" (членот 24 став 2).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ